**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
Association of Safety Engineers TUTELA, Skopje

Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Бр 0302/02
22.01.2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | 22-01-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| | | | |

**До**

**Министерство за труд и социјална политика**

**Сектор за креирање на политики од областа трудово право и политики за вработување**

- **Г-ѓа Мирјанка Алексевска,** Раководител на сектор и
- **Г-дин Дарко Дочински,** Заменик раководител на сектор

**Копија**
- **Г-ѓа Рашела Мизрахи,** Министер за труд и социјална политика,
- **Г-ѓа Санела Шкријељ,** Дополнителен заменик министер за труд и социјална политика, и
- **Г-дин Алајдин Хавзиу,** Директор на Државниот инспекторат за труд
- **Совет за безбедност и здравје при работа**

**Скопје**

**Дата:** 22.01.2020 г.

**Врска:** Допис до МТСП, Нов Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа од 09.01.2020 г. (наш број 0302/01 од 09.01.2020 г.)

**Предмет:** Унифицирано толкување и применување на одредбите од Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (Сл.весник на РСМ 275/19)

Почитувани,

Земајќи го во предвид Дописот – реакција за начинот на носење на новиот Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (Сл.весник на РСМ 275/19) (во понатамошниот текст Правилник), кој како Здружение го доставивме до архивата на МТСП на ден 09.01.2020 г. и одредбите во новиот Правилник кој отвораат многу повеќе дилеми за негова примена од претходниот Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (10/14), Ви доставуваме допис со прашања во врска со начинот на примена на новиот Правилник.

Имено, по консултација со сите членови на ЗИЗ Тутела, Скопје, кои како што напоменавме и во првичниот Допис до МТСП (09.01.2020 г.), работат во правни субјекти или самостојно на полето на БЗР, и стручна анализа на содржината и обврските од новиот Правилник, произлегоа поголем број на дилеми и прашања за практична имплементација на истиот.

Како Здружение чија основна дејност е обединување на стручната фела и промоција на областите БЗР и ППЗ, сите доставени прашања / дилеми, ги сублимиравме и ви ги доставуваме со овој допис.

Ве молиме во интерес на сите, да ни доставите унифицирано толкување на оредбите од Правилникот, со цел да не ги доведеме во неповолна положба (казнени одредби, правна одговорност), поради непочитување на подзаконските одредби, правните субјекти и лицата кои работат во нив.

Се надеваме дека стручните служби во МТСП кои го изготвија и одобрија овој Правилник, во интерес на непречено функционирање и примена на истиот, ќе доставaт официјален и транспарентен одговор, а со тоа и разрешување на сите нејаснотии и дилеми во врска со новиот Правилник, за што однапред благодариме.

Добиениот одговор од Ваша страна ќе го споделиме со сите засегнати чинители од стручната фела.

Со искрени желби за идна успешна соработка во областа БЗР,

Со почит,

ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЗАШТИТА
ТУТЕЛА, Скопје
П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

---------------------------------------------

(М-р Дејан Ангеловски)

## П Р И Л О Г

отворени прашања кои произлегуваат при практична примена на новиот Правилник

1. Дали во цените дадени со правилникот е вметната висината на трошоците според начинот и местото на извршувањето или тоа е дефинирано со зборот пред цената „најмалку“?

2. Дали одредени средства за работа (согласно член 33 од ЗБЗР), кои се опрема за работа како апарати, алати (согласно член 3 од ЗБЗР), со дефинирана цена во член 4 од правилникот (најмалку 1000 денари), ќе мора да се испитуваат од овластено правно лице или пак тоа можат да го регулираат со актот кој треба да го донесат (член 33 став 1) и испитувањата на нив да се врши интерно?

3. Испитувањето на нисконапонските електрични инсталации опфаќаат само заштитно заземјување или и други параметри како отпор на изолација, отпор на струен круг и сл.?

4. Цената од најмалку 300 денари се однесува на испитување на нисконапонските електрични инсталации за работно место според систематизација или според дефиницијата за работно место во член 3 од ЗБЗР? (Ова бидејки има различен пристап на „пакување" на проценката, според работно место по систематизација или работни активности.)
   **пример 1**: Еден работник административец околу него користи 3 приклучока на електрична енергија кои треба да се измерат за најмалку 300 денари, но тој користи и чајна кујна каде има други електрични апарати (решо, кафемат, бојлер за топла вода и сл.) кои ги користат сите вработени и од други работни места. Што треба да се измери, за која цена и за кое работно место ќе се прикажат мерењата во чајната кујна, за сите работни места или...?
   **пример 2:** Во кое работно место ќе се мери електрична метална разводна табла доколку во фирмата нема сопствено одржување.

5. Дали испитувањето на нисконапонските електрични инсталации можат да го вршат и овластените правни лица кои имаат овластување за проценка на ризик, но не и за испитување на опрема за работа бидејќи во член 5 од правилникот ова испитување е поврзано со проценката на ризик а не со испитување на средства/опрема за работа? Потребата од инструмент за испитување на нисконапонските електрични инсталации се јавува при овластување на правните лица за испитување на опрема за работа.

6. Што се влегува во цената за проценка на ризикот ? Дали потребните мерења се надвор од цената на проценката ?

7. Како овластените правни лица ќе вршат проверка на оспособеноста за безбедност и здравје при работа, кога во нивните овластувања стојат само изготвување на програма за обука и спроведување на обука, а не и проверка на оспособеност. Ова не е обврска на овластените правни лица дадено со членовите 19 и 45 од ЗБЗР.

8. Како и со кои вредности на гранични вредности за хемиски супстванци од Прилог 1 од Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци, ќе се споредат измерените вредности, особено „моменталното" мерење дадено во овој спорен правилник, бидејќи во Прилог 1 се дадени дневната изложеност за гранични вредности и краткотрајна вредност која ја нема за сите супстанци и е сосема друга потребна информација, односно вредност која покажува колку пати во одреден краток период може да се надмине граничната вредност? Значи невозможно е да имаме „моментално" мерење на хемиски штетности според нашата подзаконска регулатива.

9. Зошто е ставено мерење на само еден вид на нејонизирачко зрачење (електромагнетно зрачење) особено бидејќи во Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на физички агенси (вештачко оптичко зрачење) во член 4 се бара работодавачот по потреба да го спроведе мерењето на вештачко оптичко зрачење?

10. Што со активностите кои се во тек? Потпишан договор според претходниот правилник, во тек е реализација која завршува по донесување на новиот правилник и се фактурира по кој правилник? Ако е стариот тогаш овластените правни лица треба да добијат гаранција дека нема да им биде одземено овластувањето според член 45 бидејки не го почитуваат новиот правилник кој веќе е во сила. Ако треба да се фактурира по новиот треба да се гарантира заштитата од „злоупотреба“ на работодавачот особено при тендерски постапки во јавни установи и претпријатија, бидејќи цената на тендерската постапка за која и е добиен тендерот ќе се разликува со фактурираната и платената.

11. Дали Член 5 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА не е во конфликт со ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПОСТРОЈКИ И ЕЛЕКТРИЧНА ОПРЕМА од ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА?

12. За членот 7 од Правилникот; Како да се протолкуваат мерните места за кои се врши мерењето? Се мисли на мерни места:
    - кои се измерени во текот на денот?
    - вкупно кај работодавачот?
    - во еден објект?
    - во повеќе објекти?
    - во еден објект на работодавачот, кои се измерени во текот на денот?
    - во повеќе објекти на работодавачот, кои се измерени во текот на ден?
    - при измени во работниот простор, новите се додават кон претходните или се бројат од почеток?